**Година 2002, октомври , број 10**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

МФС

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## НАСТАВА – НОВИ ИНИЦИЈАТИВИ

Зимскиот семестар го започнавме со нови иницијативи. Наставно-научниот совет ја прифати иницијативата да сториме многу повеќе во зголемувањето на ефикасноста на наставата. Одлучивме да вложиме многу повеќе напори и енергија во наставниот процес. Се определивме да се посветиме на интерактивен процес на учење и положување на предметите во текот и до крајот на семестарот. Одлучивме да воведеме механизам на известување за текот на процесот на учење и неговите резултати. Резултатите од нашата работа ќе бидат оној кој ќе кажува какви сме. Да се обидеме да се вреднуваме според нив.

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДЕН КУРС

Во периодот од 21 до 25.10.2002 во Пампорово, Бугарија се одржа Annual International Course Ventialtion and Indoor Climate, под спонзорство на ДААД. На курсот зеде учество и проф. д-р Марко Серафимов кој одржа две предавања. На курсот држеа предавања професори од Friedrich-Alekxander universits, Eralngen-Nuernberg, Германија, Техничкиот факлутет од Софија, Машинскиот факултетот од Ниш и нашиот факултет. Наставата ја следеа 30 студенти на додипломски студии од Бугарија, Босна и Херцеговина, СР Југославија и Македонија. Од нашиот факултет присуствуваа 8 студенти (7 студенти на додипломски и 1 студент на постдипломски).

## УЧЕСТВО НА МЕЃУНАРОДЕН САЕМ

Во втората половина на месец октомври во Нинберг се одржа 23 меѓународен саем за ладилна техника и климатизација ИКК'2002. МФС на овој саем учествуваше со свој штанд на кој беа презентирани компјутерски програми од соодветната област, беа поделени над 800 печатени материјали и беа остварени контакти со многу институции и компании. Иницијативата и реализацијата на оваа програма беше спроведена од проф. д-р Ристо Цицонков, кој е и автор на компјутерскиот софтвер. Машинскот факултет учествува на овој саем веќе подолго време и има забележителен настап.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

На покана од Универзитетот за применети науки од Нирнберг, проф. д-р Ристо Цицонков одржа предавање со наслов "Ладилни флуиди - последни трендови" кое беше проследено со голем интерес. На него беа преставени најновите истражувања во меѓународни размери, како и вкрстувањата на разни интереси во борбата за пазарот. Посебен аспект е даден на последиците од

применатa на најновите ладилни флуиди врз животната средина и значењето на енергетската ефикасност.

## ПРЕТСТАВУВАЊЕ И ПРЕДАВАЊЕ

Пред студентите од седми и деветти семестар, насока МВ на ден 30.10.2002 год. беше преставен и одржа предавање проф. д-р Љупчо Коцарев од Универзитетот на Калифорнија, Сан Диего. Темата на предавањето беше: Основи на хаос и примена кај моторните возила.

## СТРУЧНО НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА, ТЕРЕНСКА НАСТАВА

Студентите од 7 и 9 семестар, насока МВ во периодот помеѓу 06.10 и 15.10.2002 год. изведоа стручно научна екскурзија - теренска настава посетувајќи ги фирмите MAN - Минхен, IVECO - Улм, MERCEDES -Штутгард, SATURNS - Љубљана, RENO - REVOZ - Ново Место, РАДЕ КОНЧАР - Загреб како и Техничкиот музеј во Загреб.

## КОНКУРС

Фондацијата Институт отворено општество - Македонија во соработка со Летниот универзитет при Централно-европскиот универзитет Будимпешта, Унгарија објавува конкурс за учество во академските програми за летото 2003. Воедно известуваат и за новата програма за развој на помлад наставен кадар иницирана од Американскиот совет за меѓународна соработка од Вашингтон и финансирана од Американската влада. Подетални информации може да добиете во деканатот на МФС.

## ПОТСЕТУВАЊЕ

Во тек е конкурсот за подготовка на ТЕМПУС проекти. Упатство за аплицирање може да се најде во деканатот на факултетот.

## СТИПЕНДИИ ЗА ПОСТДОКТОРСКИ ИСТРАЖУВАЊА

УНЕСКО и Владата на Израел ќе спонзорираат постдокторски истражувања од областа на науката и технологијата, вклучувајќи ги и истражувањата на водите, за 2003 година. Истражувањата може да отпочнат од 01.02.2003 или 09.2002 год, а би траеле една академска година. Краен рок за пријавување е 20.11.2002, а кандидатурите се поднесуваат на посебни формулари, кои можат да се добијат во Министерството за образование и наука.

## СТИПЕНДИИ ЗА ЈАЗИК

Фондацијата ДААД за студиската 2002/2003 година нуди стипендиска програма за јазичен курс на некој германски универзитет, годишни стипендии за усовршување или надоградба, стипендии за млади научници и стипендии за истражувачки проекти. Подетални информации во германската амбасада, а документи за пријавување да се доставaт до 1 ноември, 2002.

## СВЕТСКИ ДЕН НА НАУКАТА ЗА МИР И РАЗВОЈ

УНЕСКО го прогласи 10 ноември за светски ден на науката и развојот. Целта на овој ден е да се обнови националното и меѓународното ангажирање во полза на науката за мир и развој. Во таа насока и факултетот треба да придонесе со активности кон пропагирање на основните цели на УНЕСКО.

## УНИВЕРЗИТЕТСКА ЛИГА

Универзитетската лига во кошарка започна. Машински факултет во мечот со Економскиот факултет претрпе пораз со резултат 57-49. Очекуваме подобрување во следните натпревари.

## РЕКРЕАТИВНО ПЛИВАЊЕ

Се известуваат сите вработени дека и во учебната 2002/03 година ќе се изведува рекреативно пливање во Олимпискиот базен. Термините се понеделник од 20 до 22 часот а пријавувањето за пропусници се врши кај техничката секретарка.

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Тодор Кралев, доц. д-р Радмил Поленаковиќ и Наташа Кралева учествуваа на Првата ДАААМ Меѓународна конференција: Напредни технологии за земјите во развој со рефератот "Развојот како функција во организациите" во Славонски Брод, Хрватска од 12.09 до 14.09.2002
2. Проф. д-р Тодор Кралев и доц. д-р Радмил Поленаковиќ учествуваа на 6-та Меѓународна конференција ТМТ 2002 во Неум, БиХ од 18.09 до 22.09.2002
3. Асс. м-р Аџиев Ѓорѓи реализирал студиски престој во Словенија со цел работна посета на Машинскиот Факултет во Марибор, во периодот од 28.09 до 6.10.2002 година
4. Асс.м-р Петар Симоновски и асс. м-р Данчев Благој реализираа теренска настава во Германија со студентите од насоката МВ. Престојот е реализиран од 6.10 до 15.10.2002 година
5. Проф. д-р Тодор Давчев учествуваше на ФИМ-Конгрес во Прага од 11.10.2002 до 20.10.2002 година.
6. Проф. д-р Марко Серафимов учестваше на Меѓународната школа за вентилација и климатизација за земјите од југоисточна Европа во Бугарија. Престојот е реализиран од 20.10 до 26.10. 2002 година.
7. Доц. д-р Зоран Богатиноски, 7 денови студиски престој во Германија со цел посета на Европскиот саем за машини и опрема по покана од фирмата Зњицк од Улм. Престојот е реализиран од 20.10 до 26.10. 2002 година.
8. Проф. д-р Драги Данев и проф. д-р Милан Ќосевски на ден 29.10.2002год. учествуваа на презентацијата на фирмата ХБМ на Техничкиот факултет во Нови Сад, СРЈ.
9. Асс. м-р Ристо Филкоски, 3 денови престој во Грција со цел учество на Собирот на корисници на флуент од југоисточна Европа. Престојот треба да се реализира од 31.10. до 2.11.2002 година.
10. Стручен соработник м-р Филип Мојсовски, 9 денови студиски престој во Словенија со цел работна посета на Машинскиот Факултет во Љубљана и учество во работата на Шестата конференција на Словенечкото друштво за ладење и кондиционирање на воздух. Престојот се реализира во период од 24.10 до 1.11.2002 година.
11. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, студиски престој во Данска, на докторски студии.
12. Стр. сор. Дарко Бабунски, отслужување на воен рок.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**31.10.2002**
**23 СЕДНИЦА НА ННС**

**28.11.2002**
**24 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*